Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 јануари 2025 година, дава

Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Металургија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Металургија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр.08-419/4 од 20.11.2024 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, достави Барање бр.08-2222/2 од 25.11.2024 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.08-915/1 од 26.11.2024 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Металургија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-915/2 од 12.12.2024 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 19.12.2024 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-915/3 од 20.12.2024 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Металургија“ на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24).

Република Северна Македониј
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скоп
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕ
СКОПЈЕ
Примено: 22-01-2025
Орг. Един.: 08 Број: 103 Прилог: /1 Вреднос

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 50-149/6
21 јануари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата
на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Христина Мишевска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение |
| Контролирал: | м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор |
| Согласен: | Снежана М Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор, |
| Одобрил | Игор Јанушев, генерален секретар на Владата |